Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/58

З А П И С Н И К

од Педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 мај 2020 година

Скопје, мај 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 мај 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 15:20 часот.

Со седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска - Јанковска.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Славјанка Петровска, дополнителн заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р Никола

Димитров, министер за надворешни работи и Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Шеесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 мај 2020 година

2. Записник од Шеесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 28 мај 2020 година

3. Записник од Шеесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 29 мај 2020 година

4. Информација за потребата за ослободување од обврската за плаќање на ДДВ од Проектот набавка на КПГ автобуси финансирани со заем од ЕБОР, со Предлог - уредба со законска сила

5. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во врска со предлогот за предвремена отплата и откажување на неповлечените средства од договор за кредит склучен помеѓу АД ЕСМ и Deutsche Bank Aktiengesellschaft, наменет за финансирање на модернизацијата на Блок 1-ТЕ Битола

6. Информација за потреба од дисконт на фактури и отпис на долг од страна на РВ "Студенчица" Другово, кон ЈП Комуналец Кичево

7. Предлог - уредба со законска сила за уплаќање на вишокот на средства од платените авионски билети во фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19

8. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба

9. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за вршење на сметководствени работи за време на вонредна состојба

10. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на воредна состојба

11. Предлог - уредба со законска сила за задолжување на Република Северна Македонија кај Европската Унија преку инструментот Макро–финансиска поддршка за справување со последиците предизвикани од Ковид-19 пандемијата за време на вонредна состојба

12. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за рамномерен регионален развој за време на вонредна состојба

13. Предлог - уредба со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба

14. Предлог - одлука за начинот на исплата на средтва од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19

15. Предлог - решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции

16. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на закон за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба

17. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за возила за време на вонредна состојба

18. Предлог - уредба со законска сила за ограничување на собирање во групи за време на вонредна состојба

19. Предлог - одлука за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје во студиската учебна година 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

20. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ“ во Република Либан

21. Предлог - одлука за престанување на важење на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ“ во Република Либан

22. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ“ во Република Либан

23. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствената заштита за време на вонредна состојба

24. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствено осигурување за време на вонредна состојба

25. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени за време на вонредна состојба

26. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба

27. Информација за донесување на протокол за утврдување на процедурата за запишување на ученици во прво одделение во основните училишта

28. Информација за донесување на протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за време на запишувањето на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година

29. Информација за донесување на протокол за постапување на Математичко-информатичката гимназија за време на полагање на приемниот испит на учениците во учебната 2020/2021 година

30. Информација за донесување на протокол за утврдување и постапување на јавните и приватните високообразовни установи, односно единиците во состав при изведување на испитите

31. Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор изградба на крило и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на крило за ОУ „Тихомир Милошевски“ с.Волково (Новоселски пат), Општина Ѓорче Петров, Скопје

32. Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор изградба на крило и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Бероски“ нас.Хром Општина Ѓорче Петров, Скопје

33. Информација со предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за

информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2020/2021 година, со Предлог - одлука

34. Предлог - одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2020/2021 година

35. Оперативен план за активности во установите за згрижување и воспитание на деца по укинување на вонредната состојба

36. Информација за исплата на парични права од социјална заштита за мај 2020 година

37. Информација за користење на средствата од наменската донациска сметка на Министерството за здравство наменета за справување со Коронавирусот COVID-19

38. Решение У.бр.56/2020 од 12 мај 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредна состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на РСМ“ бр.84/2020 и 89/2020)

39. Кадровски прашања

40. Прашања и предлози

41. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудивизуелни медиумски услуги за време на вонредната состојба

42. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Гевгелија

43. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19

44. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за стечај за време на вонредна состојба

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Шеесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 мај 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Шеесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 28 мај 2020 година.

Воедно, во однос на Барањето на Министерството за труд и социјална политика, под бр. 02-3566/1 од 28 мај 2020 година заклучи мерките и препораките на Владата кои се однесуваат на ослободените лица од работа и работни активности согласно нивната здравствена состојба (хронично болни лица), како и мерките на Владата кои се однесуваат на ослободени родители на малолетно дете со навршена возраст до 10 години или активно четврто одделение за кого е неопходна домашна грижа, бремените жени, самохраните родители, родителите на деца со попреченост кои што ја користат услугата дневен центар, како и лицата кои што на работа одат со придружба-потполно слепи лица, лица кои се движат со инвалидска количка и лица со умерена и тешка интелектуална попреченост да бидат ослободени од одењето на работа или доколку има можност да се организира работење од дома се додека Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство подготви соодветни протоколи за работа, дејствување и однесување на работно место во кој ќе бидат опфатени просторните услови, растојанието и носењето на лична заштитна опрема.

**Точка 3**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Шеесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 29 мај 2020 година.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата за ослободување од обврската за плаќање на ДДВ од Проектот-Набавка на КПГ автобуси, финансиран со заем од ЕБОР, со Предлог-уредба со законска сила за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за финансирање на набавката на нови автобуси за Град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното

сообраќајно претпријатие Скопје, поради потребата од дополнително усогласување.

**Точка 5**

Владата ја симна од дневен ред Предлог-одлуката за давање согласност за предвремена отплата и откажување на неповлечените средства од Договорот за кредит, склучен помеѓу АД ЕСМ - Скопје и Deutche Bank Aktiengesellschaft, имајќи ги предвид укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потреба од дисконт на фактури и отпис на долг од страна на РВ "Студенчица" Другово, кон ЈП Комуналец Кичево, за наредната седница на Владата, поради потребата истата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 7**

Владата ја симна од Дневниот ред Предлог-уредбата со законска сила за уплаќање на вишокот на средства од платените авионски билети во Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19, со оглед дека истата е надмината со точка 43 од Дневниот ред.

**Точка 8**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба со заклучок членот 1 од истата да се измени во насока на попрецизно дефинирање на условите при превоз во јавниот сообраќај.

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за вршење на сметководствени работи за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за даночна постапка за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за задолжување на Република Северна Македонија кај Европската Унија преку инструментот Макро–финансиска поддршка за справување со последиците предизвикани од Ковид-19 пандемијата за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за рамномерен регионален развој за време на вонредна состојба (нов текст)и ја донесе Уредбата со заклучок во членот 6 зборовите „и 214 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба“ да се избришат и по зборот „состојба“ да се додадат зборовите „и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31.12.2020 година“.

**Точка 13**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за  трговските друштва за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за начинот на исплата на средства од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, со заклучок текстот на Решението редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја симна од дневен ред Предлог-уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за возила за време на вонредна состојба, поради потребата истата да ја предложи Министерството за економија на наредната седница на Владата.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за ограничување на собирање во групи за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за внатрешни работи да го усогласи текстот на Предлог - уредбата со Министерството за правда.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за  определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", Скопје во студиската учебна година 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ" во Република Либан, за наредната седница на Владата.

**Точка 21**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за престанување на важење на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ" во Република Либан, за наредната седница на Владата.

**Точка 22**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ" во Република Либан, за наредната седница на Владата.

**Точка 23**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствената заштита за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба (нов текст)и ја донесе Уредбата со заклучок во членот 4 зборовите „и 220 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба" да се

избришат и по зборот „состојба“ да се додадат зборовите „и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31.12.2020 година“.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Протокол за утврдување на процедурата за запишување на ученици во прво одделение во основните училишта, ја усвои Информацијата и го прифати новиот текст на Протоколот за утврдување на процедурата за запишување на ученици во прво одделение во основните училишта.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и овој Протокол е составен дел на оваа одлука (Прилог број 10).

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за време на запишувањето на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година, ја усвои Информацијата и го прифати Протоколот за постапување на средните училишта за време на запишувањето на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и овој Протокол е составен дел на оваа одлука (Прилог број 11).

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на протокол за постапување на Математичко-информатичката гимназија за време на полагање на приемниот испит на учениците во учебната 2020/2021 година, ја усвои Информацијата и го прифати Протоколот за постапување на Математичко – информатичката

гимназија за време на полагање на приемниот испит на ученици во учебната 2020/2021 година.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и овој Протокол е составен дел на оваа одлука (Прилог број 12).

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Протокол за утврдување и постапување на јавните и приватните високообразовни установи, односно единиците во состав при изведување на испитите, ја усвои Информацијата и го прифати новиот текст на Протоколот за утврдување и постапување на јавните и приватните високообразовни установи, односно единиците во состав при изведување на испитите.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и овој Протокол е составен дел на оваа одлука (Прилог број 13).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор за изградба на крило и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на крило за ОУ „Тихомир Милошевски“ с.Волково (Новоселски пат), Општина Ѓорче Петров, Скопје и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор за изградба на крило и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на крило за ОУ „Тихомир Милошевски“ с.Волково (Новоселски пат), Општина Ѓорче Петров, Скопје, во вкупна вредност од 30.600.000 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 25.600.000 денари во 2021 година и

- 5.000.000 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за содветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор изградба на крило и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Бероски“ населба Хром Општина Ѓорче Петров, Скопје и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор изградба на крило и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Бероски“ населба Хром Општина Ѓорче Петров, Скопје, во вкупна вредност од 27.500.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 22.500.000 денари во 2021 година и
- 5.000.000 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за содветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 33**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата со Предлог за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2020/2021 година.

**Точка 34**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2020/2021 година.

**Точка 35**

Владата го разгледа Оперативниот план за активности во установите за згрижување и воспитание на деца по укинување на вонредната состојба и го усвои

како Протокол за активности во установите за згрижување и воспитание на деца по престанување на траењето на вонредната состојба.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и овој Протокол е составен дел на оваа одлука (Прилог број 9).

**Точка 36**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за исплата на парични права од социјална заштита за мај 2020 година, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги достави податоците за корисниците на парични права од социјална заштита до деловните банки најдоцна до 1 јуни 2020 година .

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат достапност на средствата од мајските исплати на паричните права од социјална заштита преку банкомати и во трговските мрежи од 2 јуни 2020 година.

**Точка 37**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за користење на средствата од наменската донациска сметка на Министерството за здравство наменета за справување со Коронавирусот COVID-19.

**Точка 38**

Владата го разгледа Решението У.бр. 56/2020 од 12 мај 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредна состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 84/2020 и 89/2020) и притоа го утврди следното мислење:

Со Решението У. бр. 56/2020 се поведува постапка за оценување на уставноста на член 3 од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 89/2020).

Судот на седницата утврдил дека, според членот 3 од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 84/2020, 89/2020), на судиите–поротници на кои мандатот им истекува за време на траење на вонредната состојба, по сила на оваа уредба, мандатот им се продолжува се до завршување на постапката по судскиот предмет.

Во Република Северна Македонија, согласно член 125 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, поради неможноста на Собранието како надлежен орган за прогласување на вонредна состојба да се состане, од страна на Претседателот на Република Северна Македонија, донесени се две последователни одлуки за утврдување на постоење на вонредна состојба заради заштита и спречување со последиците од коронавирусот COVID 19, првата на 18.3.2020 година и втората на 16.4.2020 година, а во моментот кога Собранието ќе биде во можност да се состане ќе му бидат поднесени на потврдување согласно член 125 став 4 од Уставот.

Владата на Република Северна Македонија, при постоење на воена или вонредна состојба во согласност со Уставот и со закон донесува уредби со законска сила. Ваквото овластување на Владата трае до завршувањето на воената или вонредната состојба, за што одлучува Собранието.

Уредбите со законска сила се специфични правни прописи кои се донесуваат во вонредна состојба кога има потреба од преземање брзи и ефикасни мерки, од брзо нормирање на определени прашања кои воопшто не се нормирани во закон или се нормирани на начин кој не дозволува ефикасно преземање мерки кои ги наложува вонредната состојба, со цел соочување и надминување на причините кои довеле до вонредната состојба, но и последиците од истата, и враќање во редовниот уставно правен поредок.

Оттука, со уредба со законска сила, при постоење на вонредна состојба, Владата може да регулира поинаку одредени прашања коишто се уредени со важечки закони, може да одредува нови рокови, може да ги менува постојните и да носи нови решенија. Но ваквите овластувања не се неограничени. Имено, Уставот има две уставни ограничувања на овластувањето на Владата да носи уредби со законска сила. Првото е, уредбите да уредуваат неопходни мерки кои се во функционална врска со директно или индиректно соочување и надминување на причините и последиците од вонредната состојба, со водење сметка мерките да имаат легитимна цел, општествена оправданост, да бидат разумни и пропорционални во светло на што побрзо враќање во редовна состојба (со што во суштина ќе бидат задоволени членовите 125 и 126 од Уставот). Второто ограничување е уредено во членот 54 од Уставот, чие задоволување бара ограничувањето на слободите и правата во вонредна состојба да не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Во вонредна состојба не може да се ограничат правото на живот, забраната на мачење, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата и вероисповеста.

Со оспорената одредба од членот 3 од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредна состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020), се уредува прашањето за судиите-поротници на кои мандатот им

истекува за време на вонредната состојба, по сила на оваа уредба, мандатот им се продолжува се до завршување на постапката по судскиот предмет.

Уставниот суд во Решението се повикува на член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Северна Македонија, според кои владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и на Амандман XXV (со точката 1 од овој амандман се заменува членот 98 од Уставот), кој пропишува дека судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Забранети се вонредни судови. Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, органи¬зацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозин¬ство гласови од вкупниот број пратеници. Со точката 1 од Амандманот XXIX (со овој амандман се заменува член 105 од Уставот), се пропишува дека, Судскиот совет на Република Северна Македонија: ги избира и разрешува судиите и судиите поротници.

Исто така, Уставниот суд укажува и на членот 128 од Уставот, согласно кој мандатот на Претседателот на Републиката, Владата, судиите на Уставниот суд и на членовите на Републичкиот судски совет се продолжува за време на траењето на воената или вонредната состојба.

Согласно член 42 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 61/2008, 118/2008, 16/2009, 150/2010, 39/2012, 83/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019), судии-поротници ги избира и разрешува Судскиот совет на Република Македонија под услови и во постапка определена со закон. Според член 49 од истиот закон, судија-поротник се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

Членот 2 од Законот за Судскиот совет („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019) пропишува дека, Судскиот совет на Република Северна Македонија е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите.

Согласно член 53 од истиот Закон, Советот избира и разрешува судии-поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд (став 1). Советот го утврдува бројот на судиите-поротници по предлог на претседателот на судот за кој се избираат судиите-поротници (став 2). Кога Советот избира судија-поротник во суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија (став 3).

Врз основа на наведените уставни и законски одредби, Уставниот суд неосновано и погрешно го поставува прашањето за согласноста на членот 3 од Уредбата, со уставните норми.

Не основано би било какво било сомневање дека, мерките коишто се предвидени во членот 3 од Уредбата со законска сила се дизајнирани и насочени кон справување со последиците од состојбата предизвикана од епидемијата, се со времен карактер и лимитиран интензитет.

Уставниот суд констатира дека „Владата со оспорениот член 3 од Уредбата, регулира материја која веќе е уредена во постоечка законска регулатива, односно настаната е состојба на двојство на примена на различни прописи по однос на исто фактичко прашање, односно не е предвидена околноста со стапувањето на сила на истата да престанат да важат одредбите од актот со кој е регулирано истото прашање, што доведува до правна несигурност и двојно уредување на иста материја што е спротивно на начелото на владеење на правото утврдено со Уставот.“ Ваквото тврдење е во целосна спротивност со констатацијата која претходно е содржана во истото решение дека „со уредба со законска сила, при постоење на вонредна состојба, Владата може да регулира поинаку одредени прашања коишто се уредени со важечки закони, може да одредува нови рокови, може да ги менува постојните и да носи нови решенија.“ Оттука Уставниот суд за членот 3 од Уредбата извлекува заклучок кој е целосно спротивен на генералниот заклучок за предметот на уредбите со законска сила воопшто. Ако во принцип за сите уредби важи правилото дека со уредби со законска сила Владата може поинаку да регулира одредени прашања кои се уредени со важечки закони, да одредува нови рокови, да ги менува постојните, парадоксално и непринципиелно е тврдењето на Уставниот суд дека со тоа што членот 3 од Уредбата регулира материја која веќе е уредена во постоечката законска регулатива, ќе настане состојба на двојство на примена на различни прописи! Јасно е дека со сите уредби кои ги носеше Владата, се воведуваа одредени правила кои беа различни од постојните и со самото нивно донесување се дерогираа одредбите од законите кои се донесени пред вонредната состојба. И членот 3 од оваа уредба ја следи истата форма од другите членови во истата уредба, како и формата на неколку други уредби донесени од Владата, за кои Уставниот суд не најде основа за оценка на уставноста!

Уставниот суд констатира дека „за принципот на правна сигурност како дел од темелната вредност – владеење на правото, од суштествена важност е меѓу другото, правниот поредок да содржи норми кои се применливи без да бидат извор на можни забуни во примената што може да резултира со повреда на правата и слободите.“ Одредбата од членот 3 од Уредбата е сосема јасна и не создава никакви забуни во примената, ниту ја нарушува правната сигурност, а најмалку може да резултира во повреда на правата и слободите. Напротив, соочени со фактичката неможност за одржување на судски постапки заради превентивните мерки за справување со КОВИД-19, се наметна потребата од прекин на течење на рокови во судски постапки. Со цел овој прекин на течење на рокови да не го наруши правото на судење во разумен рок, во членот 3 од Уредбата е предвидено продолжување на

мандатот на судиите поротници, со цел, во ситуација кога судењата не се одвиваат за време на вонредна состојба, да се избегне оддолжување на судските постапки заради нивно почнување од почеток поради истечен мандат на судија поротник. Поинакво резонирање на Уставниот суд, би било спротивно на повеќе уставни начела, на начелото на владеење на правото и начелото на правна сигурност, ќе предизвика оддолжување на судските постапки, нарушување на правото на судење во разумен рок и ќе овозможи застарување на кривични гонења, што се надеваме не е цел на Уставниот суд?!

Уставниот суд во Решението наведува дека „Во услови кога во државата е прогласена вонредна состојба, Владата покрај нејзините основни надлежности со статус на извршна власт, согласно уставните и законските овластувања уредува прашања од надлежност на Собранието, меѓутоа Владата со материјата која е уредена во оспорената одредба од членот 3 на Уредбата, излегла надвор од своите овластувања утврдени со Уставот, при што ја презела улогата на Судскиот совет кој како самостоен и независен орган во судството ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварувањето на своите функции. Преземањето на улогата на судската власт, значи мешање на извршната власт во судската власт, спротивно на уставниот принцип на поделба на власта на законодавна, извршна и судска а со тоа се нарушува правната сигурност во правниот поредок со што се доведува во прашање и уставно загарантираната самостојност и независност на судството.“ Ваквото тврдење на Уставниот суд е сосема погрешно и неосновано. Во цитираните одредби од Уставот и од Законот за судови и Законот за Судски совет, јасно е наведено дека Судскиот совет избира и разрешува судии-поротници. Но, законот, а не Судскиот совет го одредува траењето на мандатот на судиите поротници!!! Согласно член 49 од Законот за судовите судија-поротник се избира за време од четири години и може повторно да биде избран. Ова е прашање утврдено со закон, а не е во надлежност на Судскиот совет да го одредува траењето на мандатот на судиите поротници. Согласно тоа, не станува збор за никакво мешање на извршната во судската власт. Напротив, ако законот го одредува мандатот на судиите поротници, тогаш само со закон може да се утврди неговото траење или продолжување. По аналогија на тоа, имајќи го во предвид карактерот на уредбите со законска сила, истото може да се регулира и со уредба со законска сила, односно може со овој акт да се продолжи мандатот од причини кои ги наметнува вонредната состојба.

Уставниот суд се повикува и на членот 128 од Уставот на Република Северна Македонија кој пропишува на кои носители на јавни функции им се продолжува мандатот за време на воена или вонредна состојба, имено се продолжува мандатот на Претседателот на Републиката, Владата, судиите на Уставниот суд и на членовите на Републичкиот судски совет. Врз основа на овој член Уставниот суд влече две констатации, прво дека „со продолжувањето на мандатот на членовите на Судскиот совет за време на вонредната состојба истиот е во можност во полн капацитет да ги извршува своите надлежности односно да врши повторен избор на судии-поротници, поради што во конкретниот случај Владата директно навлегла во надлежностите на Судскиот совет, продолжувајќи им го мандатот на судиите-поротници во услови кога Судскиот совет непречено може да изврши избор на

нови судии-поротници на местото на оние на кои им завршил мандатот за време на вонредната состојба“ и второ дека „Владата како носител на Уредбата со законска сила, односно со уредената материја во оспорениот член 3, всушност вметнува уште една категорија на носители на јавни функции, на кои им се продолжува мандатот за време на вонредната состојба, во случајов судии-поротници, со што излегува надвор од рамките утврдени во член 128 од Уставот.“ Неосновани се двете констатации на Уставниот суд од неколку причини. Прво, продолжувањето на мандатот на судиите поротници не е заради неможност на Судскиот совет да работи непречено, туку од причина што со прекинот на течење на рокови во судските постапки, со одложувањето на судењата заради превентивни мерки за вирусот КОВИД-19 се доведува во прашање ефикасноста на судските постапки, односно се загрозува правото на судење во разумен рок, се отвора можноста за застарување на кривично гонење. Ако постои различен режим на течење на рокови во време на вонредна состојба: не течат судски рокови и не се водат судски постапки, а тече мандатот на судиите –поротници, во тој случај периодот за време на „мирување“ на судските постапки ќе предизвика штетни последици по ефикасноста на правдата и правната држава, бидејќи многу судења заради истек на мандат на судии поротници ќе се враќаат на почеток. При тоа Уставниот суд, треба да има во предвид дека доколку постоеле можности за водење на судските постапки, воопшто не би се носела уредба за прекин на судски рокови и постапките би имале шанса да завршат за време на мандатот на судиите-поротници. Неможноста да завршат судските постапки е заради епидемијата од КОВИД-19 и ако судот прифаќа прекин на течење на судски рокови, неосновано се поставува прашањето за уставноста на прекинот на течење на мандатот на судиите-поротници, односно продолжувањето на мандатот, кој во суштина не можел да се остварува заради прекинот на судењата. Што се однесува до втората констатација дека Владата предвидува нова категорија на носители на јавна функција надвор од функциите наведени во членот 128 од Уставот, Уставниот суд мора да прави разлика меѓу јавни функции чие траење го одредува Уставот и јавни функции чие траење не е одредено во Уставот, туку е оставено на законско регулирање. Ако, Уставот го утврдува траењето на мандатот, тогаш логично е Уставот да регулира можност за продолжување на мандатот или можноста за негов предвремен престан. Сите функции кои се наведени во членот 128 се функции чие траење на мандатот е утврдено во Уставот, како и основите за престанок на мандатот. Следствено на тоа, за носителите на функции за кои во Уставот е регулирано траењето на нивниот мандат, како и можноста за предвремен престан на мандатот, логично е Уставот да регулира и можност за продолжување на нивниот мандат, како што е тоа направени во членот 128 и во членот 63 став 4. Што се однесува до судиите-поротници, Уставот не утврдува колку трае нивниот мандат, ниту услови за престанок на нивниот мандат. Сето тоа е оставено на законско регулирање, што значи дека можноста за продолжување на нивниот мандат е прашање на законско регулирање. Единствена уставна одредба која се однесува на судиите поротници е одредбата во точката 1 од Амандманот XXIX (со овој амандман се заменува член 105 од Уставот), која пропишува дека, Судскиот совет на Република Северна Македонија: ги избира и разрешува судиите и судиите поротници. Значи Уставот не наведува дека со закон се уредува траењето на мандатот на судиите поротници, ниту основите за нивно

разрешување, ниту пак можноста за продолжување на нивниот мандат. Ниту пак забранува истото да се регулира со закон. Следствено на тоа се регулираат овие прашања со акти кои се со пониска сила од уставот и неосновано е да се постави прашање за уставноста на таквото регулирање.

Исто така, се укажува дека и со други уредби со законска сила веќе се предвиде продолжување на мандатот на одредени носители на јавни функции, кои веќе беа предмет на оценка на Уставниот суд и кај кои Уставниот суд не најде причини за покренување на постапка за оценка на уставноста, како на пример Уредбата со законска сила за примена на Законот за нотаријатот за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 70/2020 и 95/2020), Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/2020).

Укажувајќи на горенаведените аргументи, се очекува Уставниот суд да ја отфрли како неоснована иницијативата за членот 3 на Уредбата, тргнувајќи од уставните одредби и потребата од имплементирање на начелото на владеењето на правото, наспроти личните интереси на обвинетите и нивните блиски лица за одолговлекување на судските постапки заради избегнување на правдата.

Поради сето горенаведено, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбите од Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства („Службен весник на Република Северна Македонија” број 84/2020 и 89/2020) се целосно во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и наведената Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесената Иницијатива во целост да ја отфрли како неоснована и да донесе решение за запирање на постапката за оценување на уставноста на оваа одредба.

**Точка 39**

**1.** Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“-Битола, ги разреши:

- Наташа Лукич,

- Ристо Чулаковски и

- Александар Дракуловски

**1.1.** Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“-Битола, ги именува:

- Вељан Тасевски,

- Ристо Чулаковски и

- Александар Дракуловски."

**2.** Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Известувањето и Иницијативата за отповикување и назначување на член на Надзорен одбор на М-НАВ АД Скопје, поради потребата кон истото освен за разрешување/отповикување да се достави и предлог за именување на член на Надзорниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ.

**Точка 40**

**1.** Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Барањето за покренување на постапка за измена и дополнување на Решението за формирање на Цивилно-воен комитет бр.44-8773/1-17 од 13.2.2018 година.

**2.** Владата ја симна од Дневен ред Согласноста за ангажирање на посебни советници и кабинетски службеници во Кабинетот на дополнителниот заменик министер во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**3.** Владата го разгледа и го одобри Барањето за обнова на согласност за вработување, поднесено од ЈЗУ Општа болница Кичево, под бр.03-512/3 од 21.05.2020 година.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 18 мај 2020 година до 24 мај 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Covid-19, со заклучок ставот 1 на член 1 од Уредбата да се измени во насока парични средства во износ од разликата од средствата за авионските билети кои ги платиле патниците за организираниот авионски превоз од и до Меѓународниот аеродром Скопје до износот на средства кои Генералниот секретаријат ги уплатил на авиопревозникот кој го вршел превозот.

**Точка 44**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за стечај за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:15 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **м-р Радмила Шекеринска Јанковска** |

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска